20232774872

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 56 ставот 1 точката 3, а во врска со членот 9 ставот 1 под б точката 3 од Законот за здравственото осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023 и 209/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 декември 2023 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување право на ортопедски и други помагала („Сл. весник на РМ“ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019, 20/2019, 44/2019, „Сл. весник на РСМ“ бр. 82/2019, 222/2019, 239/2019, 31/2020, 53/2020, 278/2020, 121/2021 и 220/2022), во Списокот на ортопедски и други помагала, кој е составен дел од Правилникот, во делот ЗАБОТЕХНИЧКИ И ЗАБНОПРОТЕТИЧКИ СРЕДСТВА, кај помагалата од вид 5, со шифра 110111 - Тотална акрилатна горна протеза, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „4.967,33“ се заменува со бројот „11.117“, шифра 110121 - Тотална акрилатна долна протеза, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „5.407,33“ се заменува со бројот „11.117“, шифра 110123 - Парцијална акрилатна горна протеза, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „3.565,51“ се заменува со бројот „11.349“, шифра 110124 - Парцијална акрилатна долна протеза, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „3.655,51“ се заменува со бројот „11.349“, шифра 110211 - Активен апарат горен, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „5.857,00“ се заменува со бројот „8.776“, шифра 110212 - Активан апарат долен, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „5.857,00“ се заменува со бројот „8.776“, шифра 110213 - Пасивен подвижен апарат моноблок, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „6.076,00“ се заменува со бројот „9.995“, шифра 110214 - Пасивен ортодонтски апарат пропулзор, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „6.026,00“ се заменува со бројот „9.939“, шифра 110215 - Функционален апарат по Frankel, Balters, Grude, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „6.076,00“ се заменува со бројот „10.980“, шифра 110216 - Брадодржалка со капа, во колоната „Единична цена со сите давачки“ бројот „3.126,00“ се заменува со бројот „4.214“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-23570/9
19 декември 2023 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Fadil Cana, с.р.